# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 3, година XLIX**
**Петок, 16.03.2018**
Битола

e-mail:bitola@t-home.mk


Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за давање согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Пелагонискиот регион од страна на Владата на Република Македонија**

1. Ја објавувам Одлуката за давање согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Пелагонискиот регион од страна на Владата на Република Македонија, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 13.03.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-246/1
16.03.2018 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр. 05/02), член 80 став (12) од Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04...63/16) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 13.03.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Пелагонискиот регион од страна на Владата на Република Македонија**

**Член 1**

Со цел заштита на животната средина и здравјето на луѓето, а заради решавање на постоечкиот проблем за управување со отпадот на територијата на Општина Битола, Советот на Општината дава согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Пелагонискиот регион од страна на Владата на Република Македонија согласно член 80 став 12 од Законот за управување со отпад.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

**О б р а з л о ж е н и е**

Советот на Општината Битола на својата седница одржана на ден 13.03.2018 година, донесе Одлука за давање на согласност за основање на регионална депонија и потребната инфраструктура за Пелагонискиот плански регион.

Тргнувајќи од проблемите со кои се соочува општината во однос на управување

со отпадот, а со цел заштита на животната средина и здравјето на луѓето, Советот на општина Битола донесе одлука како во диспозитивот.

Главни причини поради кои се пристапи кон донесување на ваквата одлука се проблемите со кои се сочува општината во управувањето со отпадот и неможноста за исполнување на обврските кои произлегуваат од Законот за управување со отпад. Имено, општината проценувајќи ја својата финансиска состојба, како и потребните финансиски средства за расчистување на непрописните депонии, како и обврската за собирање и отстранување на отпадот согласно стандардите за животна средина, односно во стандардизирана депонија, увиде дека нема можност за решавање на проблемите.

Заради заштита на животната средина и здравјето на луѓето, како и состојбата со отпадот во Општина Битола неопходно е итно преземање на активности со цел собирање, транспортирање, селекција и отстранување на отпадот. Воедно, согласно Националниот план за управување со отпад на Република Македонија и Регионалниот план за управување со отпад за Пелагонискиот регион, потребно е да се воспостави регионален систем за управуање со отпад преку основање на регионална депонија и соодветната инфраструктура. Во Физибилити студијата за управување со отпад за Пелагонискиот регион е утврдено дека вкупните инвестиции за основање на регионалниот систем за управување со отпад изнесува 39.786.483,оо евра, при што минималните финансии што треба да ги обезбеди општина Битола изнесуваат 4.420.720,оо евра, средства со кои Општина Битола не располага. Дополнително, согласно со Стратегијата за управување со отпад на Република Македонија, потребно е воспоставување на регионална соработка за основањето на депонијата, без кое управувањето со отпадот не може да биде одржливо ниту достапно за населението. Во овој момент не постои можност сите општини од Пелагонискиот регион да ја обезбедат потребната финансиска помош со што не може да се основа депонијата со потребната инфраструктура доколку не се обезбеди финансирање од Владата.

Врз основа на претходно изнесеното, Советот на општина Битола донесе одлука со која основањето на регионалната депонија со потребната инфраструткура го доверува на Владата на Република Македонија, како најдобар начин за брзо решавање на проблемите со управувањето со отпадот, а кој ќе биде со најмали трошоци и со цена која ќе биде достапна за населението во Пелагонискиот регион.

Бр.09-24/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.03.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал од 2017 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал од 2017 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 13.03.2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-246/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.03.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 32 точка 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( „Службен весник на РМ” бр. 61/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15 ) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 13.03.2018 година донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал од 2017 година

1. СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал од 2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-24/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.03.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Завршната сметка на Буџетот на Општината Битола за 2017 година

1. Ја објавувам Завршната сметка на Буџетот на Општината Битола за 2017 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 13.03.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-246/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.03.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 33 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/09, 47/11 и 192/15) и член 36 став 1 точка 2 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седница одржана на 13.03.2018 година, донесе

## З А В Р Ш Н А С М Е Т К А
## НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА БИТОЛА ЗА 2017 ГОДИНА

**Член 1**

Завршната сметка на Буџетот на Општина Битола за 2017 година се состои од:

| | ПЛАНИРАНО | ОСТВАРЕНО |
|---|---|---|
| **I ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **1.598.146.956,00** | **1.172.697.033,00** |
| Даночни приходи | 461.351.398,00 | 323.228.988,00 |
| Неданочни приходи | 183.577.310,00 | 72.108.871,00 |
| Капитални приходи | 122.431.623,00 | 28.468.199,00 |
| Приходи од дотации | 666.134.332,00 | 639.224.333,00 |
| Трансфери | 113.804.922,00 | 98.226.712,00 |
| Приходи од донации | 50.847.371,00 | 11.439.930,00 |
| **II ВКУПНИ РАСХОДИ** | **1.736.587.281,00** | **1.229.296.689,00** |
| Утврдени намени | 1.736.187.281,00 | 1.229.296.689,00 |
| Резерви | 400.000,00 | |
| **III ДЕФИЦИТ** | **- 138.440.325.00** | **-56.599.656,00** |
| **IV ФИНАНСИРАЊЕ** | **138.440.325,00** | **56.599.666,00** |
| ***Прилив*** | ***138.440.325,00*** | ***26.659.799,00*** |
| Домашни задолжувања | 138.440.325,00 | 26.659.799,00 |
| Приливи од странски заеми | | |
| Депозити | | 29.939.867,00 |
| ***Одлив*** | | ***0*** |
| Отплата на главница | | 0 |

**Член 2**

Планираните приходи и приливи по извори и видови и расходи и одливи по основни намени, се искажуваат во Билансите на приходите и расходите на Завршната сметка на Буџетот на Општината како што следи:

Завршна сметка на Општина Битола за 2017 год.

| ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА: БИТОЛА<br>БУЏЕТ НА ОПШТИНА: БИТОЛА | Основен буџет 2017 | | Дотации 2017 | | Самофинансирачки активности 2017 | | Донации 2017 | | Кредити 2017 | | Вкупно 2017 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација |
| ВИШОК НА ПРИХОДИ | | 0 | | 0 | | 9.986.021 | | 6.180.972 | | 0 | | 16.166.993 |
| 7 ВКУПНИ ПРИХОДИ | 785.902.943 | 505.643.635 | 666.134.332 | 647.013.832 | 95.262.310 | 50.428.427 | 50.847.371 | 11.439.930 | 138.440.325 | 30.937.858 | 1.736.587.281 | 1.245.463.682 |
| 71 Даночни приходи | 461.351.398 | 323.228.988 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 461.351.398 | 323.228.988 |
| 711 Данок од доход, добивка и капитални добивки | 19.560.000 | 21.102.596 | | 0 | | | | | | | 19.560.000 | 21.102.596 |
| 712 Придонеси од плати за социјални фондови | 0 | 0 | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 713 Даноци на имот | 184.400.000 | 138.270.095 | | | | | | | | | 184.400.000 | 138.270.095 |
| 714 Домашни даноци на стоки и услуги | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 715 Данок од меѓународна трговија и трансакции (царини и давачки) | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 716 Други даноци | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 717 Даноци на специфични услуги | 221.689.053 | 145.823.817 | | | | | | | | | 221.689.053 | 145.823.817 |
| 718 Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 35.702.345 | 18.032.480 | | | | | | | | | 35.702.345 | 18.032.480 |
| 719 Данок на финансиски трансакции | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 72 Неданочи приходи | 88.315.000 | 21.680.444 | 0 | 0 | 95.262.310 | 50.428.427 | 0 | 0 | 0 | 0 | 183.577.310 | 72.108.871 |
| 721 Претприемачки приход и приход од имот | | | | | 0 | 11.276 | | | | | 0 | 11.276 |
| 722 Глоби, судски и административни такси | 6.115.000 | 4.737.474 | | | 2.000 | 13.970 | | | | | 6.117.000 | 4.751.444 |
| 723 Такси и надоместоци | 18.000.000 | 12.137.894 | | | 85.993.110 | 44.859.091 | | | | | 103.993.110 | 56.996.985 |
| 724 Други Владини услуги | 150.000 | 46.000 | | | 0 | 17.880 | | | | | 150.000 | 63.880 |
| 725 Други неданочни приходи | 64.050.000 | 4.759.076 | | 0 | 9.267.200 | 5.526.210 | 0 | 0 | | | 73.317.200 | 10.285.286 |
| 73 Капитални приходи | 122.431.623 | 28.468.199 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 122.431.623 | 28.468.199 |
| 731 Продажба на капитални средства | 20.000.000 | 349.200 | | | 0 | 0 | | | | | 20.000.000 | 349.200 |
| 732 Продажба на стоки | 0 | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 733 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 102.431.623 | 28.118.999 | | | | | | | | | 102.431.623 | 28.118.999 |
| 734 Капитални трансфери од невладини извори | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 74 Трансфери и донации | 113.804.922 | 132.266.004 | 666.134.332 | 647.013.832 | 0 | 0 | 50.847.371 | 11.439.930 | 0 | 4.278.059 | 830.786.625 | 794.997.825 |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 113.804.922 | 132.266.004 | 666.134.332 | 647.013.832 | 0 | 0 | 0 | 0 | | 4.278.059 | 779.939.254 | 783.557.895 |
| 742 Донации од странство | | | | | | 0 | 50.847.371 | 11.439.930 | | | 50.847.371 | 11.439.930 |
| 743 Капитални донации | | | | | | | 0 | | | | | |
| 744 Тековни донации | | | | | | | 0 | | | | 0 | 0 |
| 75 Домашно задолжување | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 138.440.325 | 26.659.799 | 138.440.325 | 26.659.799 |
| 751 Краткорочни позајмици во земјата | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 752 Благајнички записи | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 753 Долгорочни обврзници | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 754 Домашно задолжување | | | | | | | | | 138.440.325 | 26.659.799 | 138.440.325 | 26.659.799 |
| 76 Задолжување во странство | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 761 Меѓународни развојни агенции | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 762 Странски влади | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 769 Други задолжувања во странство | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 77 Продажба на хартии од вредност | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 771 Продажба на хартии од вредност | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 78 Приходи од отплата на заеми | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 781 Приходи од наплатени дадени заеми | | | | | | | | | | | 0 | 0 |

Завршна сметка на Општина Битола за 2017 год.

| ИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА БИТОЛА / БУЏЕТ НА ОПШТИНА БИТОЛА | Основен буџет 2017 | | Дотации 2017 | | Самофинасирачки активности 2017 | | Донации 2017 | | Кредити 2017 | | Вкупно 2017 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација | План | Реализација |
| **4 ВКУПНИ РАСХОДИ** | **785.902.943** | **505.643.635** | **666.134.332** | **647.013.832** | **95.262.310** | **40.442.406** | **50.847.371** | **5.258.958** | **138.440.325** | **30.937.858** | **1.736.587.281** | **1.229.296.689** |
| **40 Плати наемнини и надоместоци** | **73.213.655** | **60.417.944** | **564.169.194** | **558.648.702** | **3.065.000** | **2.803.023** | **0** | **0** | **0** | **0** | **640.447.849** | **621.869.669** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 47.099.024 | 38.847.854 | 410.913.718 | 407.327.133 | 2.230.000 | 2.046.433 | | | | | 460.242.742 | 448.221.420 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | 17.455.576 | 14.148.804 | 153.255.476 | 151.321.569 | 835.000 | 756.590 | | | | | 171.546.052 | 166.226.963 |
| 403 Останати придонеси од плати | | | | | 0 | | | | | | | |
| 404 Надоместоци | 8.659.055 | 7.421.286 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | | | 8.659.055 | 7.421.286 |
| **41 Резерви и недефинирани расходи** | **400.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **400.000** | **0** |
| 411 Финансирање на нови програми и потпрограми | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 412 Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 200.000 | | | | | | | | | | 200.000 | 0 |
| 413 Тековни резерви (разновидни расходи) | 200.000 | | | | | | | | | | 200.000 | 0 |
| **42 Стоки и услуги** | **233.956.407** | **173.449.785** | **91.995.397** | **86.792.946** | **75.897.870** | **35.468.173** | **29.201.955** | **4.988.401** | **0** | **0** | **431.051.629** | **300.699.305** |
| 420 Патни и дневни расходи | 1.687.000 | 673.044 | | | 969.000 | 52.897 | 14.813.226 | 3.124.656 | | | 17.469.226 | 3.850.597 |
| 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 81.500.000 | 57.082.549 | 43.648.196 | 39.937.931 | 8.035.704 | 4.528.206 | 297.530 | 0 | | | 133.481.430 | 101.548.686 |
| 423 Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки | 6.605.046 | 4.578.221 | 3.446.754 | 3.425.636 | 36.519.350 | 18.446.346 | 3.082.204 | 1.160.478 | | | 49.653.354 | 27.610.681 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 73.773.319 | 63.054.890 | 1.052.644 | 844.966 | 11.546.600 | 4.508.799 | 120.000 | | | | 86.492.563 | 68.408.655 |
| 425 Договорни услуги | 37.871.042 | 21.478.630 | 43.847.803 | 42.584.413 | 13.440.032 | 5.605.717 | 7.331.735 | 526.218 | | | 102.490.612 | 70.194.978 |
| 426 Други тековни расходи | 24.300.000 | 18.776.991 | 0 | | 5.137.184 | 2.326.208 | 3.517.260 | 177.049 | | | 32.954.444 | 21.280.248 |
| 427 Привремени вработувања | 8.220.000 | 7.805.460 | 0 | 0 | 250.000 | 0 | 40.000 | 0 | | | 8.510.000 | 7.805.460 |
| **43 Тековни трансфери до вонбуџетските фондови** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 431 Трансфери до фондот за ПИОМ | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 432 Трансфери до Агенцијата за вработување | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 433 Трансфери до Фондот за здравство | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **44 Тековни трансфери до единиците на локалната самоуправа** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 441 Дотации од ДДВ | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 442 Наменски дотации | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 443 Блок дотации | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 444 Дотации за делегирани по одделни надлежности | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **45 Каматни плаќања** | **150.000** | **33.564** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **150.000** | **33.564** |
| 451 Каматни плаќања кон нерезидентни кредитор | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 452 Каматни плаќања кон домашни кредитори | 150.000 | 33.564 | | | | | | | | | 150.000 | 33.564 |
| 453 Каматни плаќања кон други нивоа на влас | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **89.390.000** | **78.435.161** | **0** | **0** | **3.134.000** | **116.000** | **848.500** | **270.557** | **0** | **0** | **93.372.500** | **78.821.718** |
| 461 Субвенции за јавни претпријатија | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 462 Субвенции за приватни претпријатија | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 463 Трансфери до невладини организации | 40.590.000 | 36.977.494 | | | 0 | 0 | | | | | 40.590.000 | 36.977.494 |
| 464 Разни трансфери | 47.050.000 | 40.589.918 | 0 | 0 | 3.134.000 | 116.000 | 848.500 | 270.557 | | | 51.032.500 | 40.976.475 |
| 465 Исплата по извршни исправи | 1.750.000 | 867.749 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | | | | |
| **47 Социјални бенефиции** | **6.000.000** | **5.094.879** | **0** | **0** | **30.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **6.030.000** | **5.094.879** |
| 471 Социјални надоместоци | 6.000.000 | 5.094.879 | | | 30.000 | | | | | | 6.030.000 | 5.094.879 |
| 472 Плаќања на бенефиции од Пензиски фонд | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 473 Плаќања на надоместоци од Агенцијата за вработување | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 474 Плаќања на надоместоци од Фондот за здравствено осигурување | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **48 Капитални расходи** | **382.792.881** | **188.212.302** | **9.969.741** | **1.572.184** | **13.135.440** | **2.055.210** | **20.796.916** | **0** | **138.440.325** | **30.937.858** | **565.135.303** | **222.777.554** |
| 480 Купување на опрема и машини | 6.144.883 | 2.925.899 | 560.924 | 560.924 | 5.480.000 | 1.121.253 | 19.117.916 | 0 | | | 31.303.723 | 4.608.076 |
| 481 Градежни објекти | | | 0 | 0 | 330.000 | 0 | 100.000 | | | | 430.000 | 0 |
| 482 Други градежни објекти | 356.983.998 | 172.649.603 | 9.408.817 | 1.011.260 | 3.950.000 | 238.714 | 1.290.000 | 0 | 138.440.325 | 30.937.858 | 510.073.140 | 204.837.435 |
| 483 Купување мебел | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 600.000 | 46.240 | 289.000 | 0 | | | 989.000 | 46.240 |
| 484 Стратешки стоки и други резерви | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 19.564.000 | 12.636.800 | 0 | 0 | 705.500 | 79.063 | 0 | 0 | | | 20.269.500 | 12.715.863 |
| 486 Купување на возила | 0 | 0 | | | 2.069.940 | 569.940 | | | | | 2.069.940 | 569.940 |
| 487 Капитални трансфери до вонбуџетски фондови | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 488 Капитални дотации до ЕЛС | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| **49 Отплата на главнина** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 491 Отплата на главнина до нерезидентни | | | | | | | | | | | 0 | 0 |

**Член 3**

Општиот дел на Годишната сметка на Буџетот на Општина Битола за 2017 година се објавува во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-24/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.03.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Годишниот извештај за работата на Општината Битола за 2017 година**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Годишниот извештај за работата на Општината Битола за 2017 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 13.03.2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-246/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.03.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 13.03.2018 год., донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Годишниот извештај за работата на Општината Битола за 2017 година**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работата на Општината Битола за 2017 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-24/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.03.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за не усвојување Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Битола за 2017 година**

1. Го објавувам Заклучокот за не усвојување Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Битола за 2017 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 13.03.2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-246/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.03.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 13.03.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за не усвојување Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Битола за 2017 година**

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Битола за 2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-24/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.03.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за не усвојување Програмата за работа на Територијалната противпожарна единица Битола за 2018 година**

1. Го објавувам Заклучокот за не усвојување Програмата за работа на Територијалната противпожарна единица Битола за 2018 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 13.03.2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-246/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.03.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 13.03.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за не усвојување Програмата за работа на Територијалната противпожарна единица Битола за 2018 година**

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Програмата за работа на Територијалната противпожарна единица Битола за 2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-24/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.03.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за не усвојување Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион за 2017 година**

1. Го објавувам Заклучокот за не усвојување Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион за 2017 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 13.03.2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-246/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.03.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 13.03.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за не усвојување Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион за 2017 година**

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на

Пелагонискиот плански регион за 2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-24/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.03.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за не усвојување Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион од страна на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион за 2017 година**

1. Го објавувам Заклучокот за не усвојување Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион од страна на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион за 2017 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 13.03.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-246/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.03.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 13.03.2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за не усвојување Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион од страна на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион за 2017 година**

1. НЕ СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за спроведување на Програмата за развој на Пелагонискиот плански регион од страна на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион за 2017 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-24/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.03.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Могила**

1. Ја објавувам Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Могила, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 13.03.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-246/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.03.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 4 став (3) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македониј“ бр. 79/09), член 14 став (1) член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен

весник на РМ” бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 13.03.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Могила

**Член 1**

Се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Могила заради заедничко вршење работи од надлежност на општините кои што се однесуваат за вршење на противпожарната заштита што ја врши ТППЕ Битола со покривање на подрачјето на Општината Могила како и задолжително учествува во финансирањето од страна на Општина Могила на противпожарната единица која го покрива нејзиното подрачје со вработување на 4 лица (Пожарникар спасител или Пожарникар спасител возач на специјално возило) во се согласно Законот за пожарникарство.

**Член 2**

Меѓуопштинската соработка од член 1 на оваа одлука ќе се остварува преку склучување на договор за вршење на определени работи од страна на една општина за една или повеке други општини.

**Член 3**

Оваа меѓуопштинска соработка се воспоставува за период од една година почнувајки од денот на потпишување на Договорот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Могила.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-24/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.03.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци

1. Ја објавувам Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 13.03.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-246/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.03.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 4 став (3) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија„ бр. 79/09), член 14 став (1) член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ”, бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 13.03.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци

**Член 1**

Се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци заради заедничко вршење работи од надлежност на општините кои што се однесуваат за вршење на противпожарната заштита што ја врши ТППЕ Битола со покривање на подрачјето на Општината Новаци како и задолжително учествува во

финансирањето од страна на Општина Новаци на противпожарната единица која го покрива нејзиното подрачје со вработување на 4 лица (Пожарникар спасител или Пожарникар спасител возач на специјално возило) во се согласно Законот за пожарникарство.

**Член 2**

Меѓуопштинската соработка од член 1 на оваа Одлука ќе се остварува преку склучување на договор за вршење на определени работи од страна на една општина за една или повеќе други општини.

**Член 3**

Оваа меѓуопштинска соработка се воспоставува за период од една година почнувајки од денот на потпишување на Договорот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Новаци.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-24/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
13.03.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за формирање на Штаб за заштита и спасување на Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за формирање на Штаб за заштита и спасување на Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 13.03.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-246/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
16.03.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 94 став 4 и член 110 став 2 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр.36/04...106/16) и член 10 од Уредбата за видот, големината и организирањето на силите за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр. 12/06) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 13.03.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за формирање на Штаб за заштита и спасување на Општина Битола

**Член 1**

Се формира Штаб за заштита и спасување на Општина Битола во состав:

– Наташа Петровска-Командант на штабот
– Ѓуро Илиќ-Началник на штабот
– Горан Козаров-помошник на началникот на штабот за оперативни работи
– Зоран Лазаровски-помошник на началникот на штабот за прва медицинска помош
– Командир на ТППЕ Битола-помошник на началникот на штабот за заштита и спасување од пожари
– Лилјана Крстевска-помошник на началникот на штабот за згрижување и евакуација
– Методија Граматковски-помошник на началникот на штабот за заштита и спасување од поплави

